# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

## за одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година

***<u>Илинден, 2014 година</u>***

***Јавно комунално претпријатие „Илинден" - Општина Илинден***

Врз основа на одредбите од Законот за комунални дејности (,,Службен весник на РМ" 95/2012, 163/13 и 42/14) и одредбите од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето Општина Илинден арх.бр.07-1891/4 од 30.06.2014 година (објавена во Службен гласник на Општина Илинден бр.6 од 03.07.2014 година), Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден донесува

# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

**за одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година**

## I. ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува начинот на работа и активностите на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден, поточно на Секторот ,,Комунална хигиена и одржување на јавно осветлување", дефинирање на работните задачи околу одржувањето и изградбата на јавното осветлување на подрачјето на ОпШтина Илинден за 2015 година, динамика на нивното извршување, финансирањето и надзорот над извршШувањето на работите.

## II. ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

### 1. Одржување на јавното осветлување

Одржувањето на јавното осветлување ќе се врши на сите јавни површини (плоштади, паркови, сообраќајници, паркинзи и сл) и тоа во сите дванаесет населени места во Општина Илинден, прикажани во следната табела:

| **Р.б.** | **Населено место** | **Број на улични светилки** | **Должина на линија-улично осветлување(м)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **1** | Илинден | 385 | **20.390** |
| **2** | Марино | 381 | **18.260** |
| **3** | Кадино | 151 | **8.010** |
| **4** | Мралино | 75 | **4.100** |
| **5** | Бунарџик | 48 | **2.700** |
| **6** | Ајватовци | 33 | **1.890** |
| **7** | Миладиновци | 138 | **6.860** |
| **8** | Бујковци | 42 | **1.950** |
| **9** | Бучинци | 22 | **800** |
| **10** | Мршевци | 85 | **3.540** |
| **11** | Дељадровци | 49 | **2.760** |
| **12** | Текија | 34 | **1.500** |
| | **ВКУПНО** | **1443** | **72.760** |

Одржувањето (реконструкција) на јавното осветлување ќе опфаќа: замена на постојните улични светилки, вградување на штедливи улични светилки, замена на дотраени дрвени електрични столбови,оспособување на постоечките блокови за улично осветлување (промена на осигурачи,склопки-контактори и фотореле).

**2. Изградба и доградба на уличното осветлување**

Изградба и доградба на улично осветлување ќе опфати изградба на нови линии со поставување на електрични столбови (бандери), кабел, нови улични светилки и мерни полиња и др.

| | Назив на материјали | Количина | Единица мерка |
|---|---|---|---|
| 1. | Кабел СКС 2х16 | 5000 | метри |
| 2. | Улична светулка Гесташ | 160 | парчиња |
| 3. | Столбови | 60 | парчиња |
| 4. | Затегнувачи 30 СКС | 200 | парчиња |
| 5. | Алко клеми | 200 | парчиња |
| 6. | Блок | 2 | парчиња |

**3. Динамика за извршување на работите**

Предвидените работи за одржување и изградба на јавното осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година ќе се извршуваат по динамика и во зависност од приливот на финансиските средства.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За успешно спроведување и реализација на програмски предвидените задачи и активности, финансиски средства ќе се обезбедат од средствата што на Општина Илинден и припаѓаат согласно Законот за комунални такси.

За одржување (реконструкција) – вградување на штедливи улични светилки и изградба и доградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден ќе бидат неопходни следниве финансиски средства:

| **Р.бр.** | **Активност** | **износ (во денари)** |
|---|---|---|
| **1.** | Одржување (реконструкција), замена на прегорените улични штедливи светилки, замена на дотраени дрвени електрични столбови, оспособување на постоечките блокови за улично осветлување (промена на осигурачи, склопки-контактори и фотореле) и вградување на штедливи светилки на место на постоечките и др. | 1.000.000,00 |
| **2.** | Изградба и доградба на јавно осветлување | 2.000.000,00 |
| **3.** | Поставување на нови мерни станици | 350.000,00 |
| | **ВКУПНО :** | **3.350.000,00** |

## IV. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програмата за користење, одржување и изградба и доградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден 2015 година е ЈКП Илинден н.м. Илинден.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата е ЈКП Илинден преку одговорното лице - Директорот на ЈКП Илинден.

## IV. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата за користење, одржување и изградба и доградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година врши надлежниот општински орган - Одделението за инспекциски надзор- Инспекторат и овластено лице од општината.

***ЈКП ,,Илинден" н.Илинден***
***Директор***
***дипл.екк.Сашо Саздовски***